**20221712374**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за оружјето,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јули 2022 година.

Бр. 08-3375/1
27 јули 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

### ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО

Член 1

Во Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2005, 47/2006, 42/2007, 86/2008, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 и 97/18), во член 79 ставот 1 се менува и гласи:

„Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое ќе набави, поседува, произведе, поправи, продаде, размени или даде на друг оружје и муниција чие набавување, поседување, носење, производство, поправање или промет е забрането.“.

Во став 2 зборовите: „три години“ се заменуваат со зборовите: „две години“.

Член 2

Во член 80 став 1 во воведната реченица зборовите: „600 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „50 до 250 евра“.

Член 3

Во член 81 став 1 во воведната реченица зборовите: „500 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „50 до 250 евра“.

Член 4

Во член 82 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое:“.

Во став 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

Во став 4 зборовите: „три години“ се заменуваат со зборовите: „две години“.

Член 5

Во член 82-а став 1 зборовите: „25 до 50 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 40 евра“.

Во став 2 зборовите: „25 до 50 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 40 евра“.

Член 6

Во член 83 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое:“.

Во став 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 7

Во член 83-а зборовите: „600 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „ 50 до 250 евра“.

Член 8

Во член 83-б ставот 1 се менува и гласи:

„Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на правното лице кое постапува спротивно на одредбите на членовите 86, 86-б и 86-г од овој закон.“.

Во став 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 9

Во член 83-д ставот 1 се менува и гласи:

„Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи согласно со членот 14-д од овој закон.“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба за прекршок во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци, од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци, од 1.000 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит, доколку не го блокира радиофреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот (член 14-д став 5).“.

Во став 3 зборовите: „2.000 до 3.000“ се заменуваат со зборовите: „50 до 250 евра“.

Во став 4зборовите: „100 до 200“ се заменуваат со зборовите: „ 50 до 250 евра“.

Во став 5 зборовите: „2.000 до 3.000“ се заменуваат со зборовите: „150 до 500 евра“.

Член 10

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.